ИЗИИО

вечер • 27 ФЕВРУАРИ 1997 • 10И21, 24,

# УМЕТНИКОТ ПОДАРИ ДЕЛО

**• Повод: рецензијата „Филип Дрезе или една поинаква ангажираност“ од ликовниот критичар Сузана Милевска, објавена на 8 јануари 1996**

Во врска со критичкиот осврт на Сузана Милевска, насловен како „Филип Дрезе – или една поинаква ангажираност“, објавен во вашиот весник бр. 10378 од 8 јануари о.г., стручниот колегиум на Музејот на современата уметност го изразува своето несогласување со следната формулација во споменатиот осврт: „За жал, оваа изложба на светот многу познатиот уметник, ученик на Бојс…, кај нас како да помина незабележано што најмногу се должи на недоволно посветеното внимание на медиумите и оскудната информација и непримерниот третман што изложбата ја доби од самите организатори“.

Сметаме дека неаргументираните оценки од ваков карактер, мотивирани, пред сé, од личниот анимозитет на критичарката кон нашата институција, незаслужено се рефлектираат, пред сé, на дигнитетот на авторот и ѝ штетат на долгогодишната успешна соработка на МСУ со Гете институтот од СР Германија.

Како контра аргументи на ваквите паушални констатации се одлуката на уметникот Феликс Дрезе (а не Филип, како што стои во насловот и поднасловот во „Вечер“) да му подари едно дело на МСУ и редицата изложби што ќе се организираат во соработка со Гете институтот оваа година, во просториите на нашиот музеј.

**Стручен колегиум на МСУ**